Република Македонија-Republika e Maqedonise
Јавна општинска установа за деца
Institucioni komunal publik për fëmijë
Детска градинка "АНГЕЛ ШАЈЧЕ"
Kopshti I femijëve "ANGEL SHAJÇE"
Бр.Nr. 02-588/1
10. 06. 2019 год.viti
КУМАНОВО-KUMANOVË

Врз основа на член 116 став 1 алинеја 1 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19), член 27 став 1 алинеја 1 и член 73 од Статутот на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Ангел Шајче" - Куманово, Управниот одбор на својата седница одржана на ден 10.06.2019 година донесе

# СТАТУТАРНА ОДЛУКА
## за изменување и дополнување на Статутот на Јавната општинска установа за деца -Детска градинка „Ангел Шајче"-Куманово

**Член 1**

Се врши изменување и дополнување на Статутот на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Ангел Шајче" - Куманово со архивски бр.01-942/1 од 17.07.2014 година, изменет и дополнет со Статутарна одлука бр.02-825/1 од 06.06.2018 година и со извршена Исправка на техничка грешка во Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот бр.02-1082/1 од 21.08.2018 година.

**Член 2**

Со оваа Статутарна одлука се врши изменување и дополнување на Статутот на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка „Ангел Шајче" – Куманово поради усогласување со измените на Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19), амандманите на Уставот на Република Северна Македонија број XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI, како и Уставниот закон за спроведување на амандманите.

**Член 3**

Во глава I.ОСНОВНИ ОДРЕДБИ членот 6 се менува и гласи:

Детската градинка има печат и штембил.

Печатот има форма на круг, со пречник од 32 мм по чија внатрешна страна, кружно во првиот ред е испишан текстот: „Република Северна Македонија - Republikës së Maqedonisë së Veriut", во вториот ред кружно е испишано: „Јавна општинска установа за деца - Institucioni komunal publik për fëmijë ", во третиот ред кружно е испишано: „- Детска градинка „Ангел Шајче" - Kopshti i fëmijëve „Angel Shajçe", во четвртиот ред кружно е испишано „Куманово-Kumanovë", а во средината на кругот се наоѓа грбот на Република Северна Македонија.

Штембилот е правоаголен, со димензии 65 мм должина и ширина 40 мм. На горниот раб е текстот: „Република Северна Македонија - Republikës së Maqedonisë së Veriut, во вториот ред е текстот: „Јавна општинска установа за деца", во третиот ред е текстот: „Institucioni komunal publik për fëmijë", во четвртиот ред е текстот: „- Детска градинка „Ангел Шајче", во петтиот ред е текстот на албански „- Kopshti i fëmijëve „Angel Shajçe ", во средината има ознака: „Бр.Nr.__________". Под него се наоѓа линија за означување на датумот _______20__ год./viti,. На долниот раб стои „Куманово– Kumanovë ".

Текстот на печатот и на штембилот е испишан на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот што го зборуваат над 20% од населението на Општината – албански јазик и неговото писмо.

**Член 4**

Во глава II. ОРГАНИЗАЦИЈА И СОДРЖИНА НА ДЕЈНОСТА во член 14 зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

**Член 5**

Во член 22 став 3 зборот „три“ се заменува со зборот „пет“.

**Член 6**

Членот 23 од Статутот се менува и гласи:

„Детската градинка дејноста ја остварува во 7 (седум) објекти и 2 (два) центри за ран детски развој во Општина Куманово, и тоа:

- Објект „Кокиче“ - Objekti „Lulebora“ на ул.„Среќко Пужаљка“ бр.2,
- Објект „Славејче“ - Objekti „Bilbili“ на ул.„Страшко Симонов“ бр.4,
- Објект „Синоличка“ - Objekti „Lulevjollca“ на ул.„Братство Единство“ бр.16 А,
- Објект „Развигорче“ - Objekti „Era“ на ул.„Моша Пијаде“ бр.117,
- Објект „Пчелка“ - Objekti „Bleta“ на ул.Бранко Богдански-Гуцман“ бр.10,
- Објект „Бубамара“ - Objekti „Mollëkuqja“ на ул.„ЈНА“ бр.34,
- Објект „Детелинка“ - Objekti „Terfill“ на ул.„Кирил и Методиј“ бр.1,
- Центар за ран детски развој „Бамби“ - Qendra për zhhf „Bambi“ на ул.„Тодор Велков“ бр.8,
- Центар за ран детски развој „Сонце“ - Qendra për zhhf „Dielli " на ул.„400“ бр.6,

и во 1 (еден) објект во Општина Старо Нагоричане, и тоа: Објект „Изворче“ - Objekti „Burimi“ во с.Младо Нагоричане бб.

**Член 7**

Во глава IV. УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ, точка 2 – Орган на раководење, членот 35 се менува и гласи:

„За директор на јавна детска градинка може да биде избрано лице кое покрај општите услови утврдени со закон и условите утврдени во членот 142 од Законот за заштита на децата е со високо образование (со стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII1 степен) и ги исполнува условите утврдени во членот 136 од Законот за заштита на децата за воспитувач, за стручен работник, за стручен соработник, лице со завршен филолошки факултет - наставна студиска програма и специјалистички студии за предучилишни педагози, правник, социолог и економист со високо образование (со стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII1) и минимум пет години работно искуство по дипломирањето, поседува еден од меѓународно признати сертификати или уверение за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години ТОЕФЕЛ ИБТ - најмалку 74 бода, ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода, ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку А2 (А2) ниво, ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен, БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода, односно АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) и поседува важечка лиценца за директор за установа за деца.

Кандидатот за директор на јавната установа за деца, задолжително доставува и програма за работа на јавната установа.

Директорот на јавната установа за деца се избира врз основа на јавен оглас.

Јавниот оглас го објавува управниот одбор во јавните гласила и истиот трае 5 (пет) дена од денот на објавувањето.

**Член 8**

Во членот 38 став 1 алинеја 9 зборот „три“ се заменува со бројот „пет“.

**Член 9**

Оваа статутарна Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување на огласните табли во објектите на Детската градинка, по добивање на согласност од Советот на Општина Куманово.

**Бр.02 – 588/1**
**10.06.2019 година**
**Куманово**

**Заменик претседател на Управен одбор,**
**Лила Божиновска**